РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2112/3
20-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10. 2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-3260/1 од 27.12.2024 година, со наводи за сомневање за непостапување согласно насоките во правосилната судска пресуда на ------------- ----- ------ - ---.------/------ од 12.03.2024 година во врска со донесување нов Управен акт за исплати на обврски по основ за експропријација на ----.----.-------/-- ----- ------, Општина ------ од Градоначалник на општина ----------, ------- ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3260/1 од 27.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.12.2024 година, доставена е пријава, по која е оформен предмет број 12-3260/1 од 27.12.2024 година, со наводи против лицето ------- --------- градоначалник на општина -------, за сомневање дека пријавеното лице не постапило согласно насоките во правосилната судска пресуда на ------------- ----- ------ - ---.------/------ од 12.03.2024 година во врска со донесување нов Управен акт за исплати на обврски по основ за експропријација на ----.----.-------/-- ----- ------ општина -------.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина ------, за произнесување дали по однос на предметниот случај биле преземени конкретни мерки и дејствија од надлежност на општината согласно нејзините законски надлежности со достава на прилог документација.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилог документација и од увидот на доставеното и наведеното во него констатирана е следната фактичка состојба:
Општина --------, по однос на поднесено барање од страна на лицето ------ ---------- со место на живеење во с. ----------- општина --------- број 20-2760/1 од 05.03.2020 година, во врска за експропријација на ----.----.-------/-- ----- ------ Рамне има донесено Решение за запирање на постапката. Во програмата на Општината за 2025 година не биле предвидени средства за исплата на обврски за експропријација во однос на посочената предметна градежна парцела.
За тековната 2025 година предвидените исплати за обврски по основ на експропријација за соодветни катастрски парцели веќе биле програмски утврдени од страна на Советот на општината врз основа на претходно спроведени спогодби и за истите биле предвидени и обезбедени средства во Буџетот на општината.
Следствено на наведеното, постапката по однос на поднесеното барање број 20-2760/1 од 05.03.2020 година за експропријација на ----.----.-------/-- ----- ------ -------- била запрена, за период до предвидување на финансиски средства во соодветна програма за работа од надлежниот Сектор во Општина ---------.
Општината укажува дека преземање на активности во однос на исплати за обврски по основ на експропријација на имот кој не е утврден во важечката програма за уредување на градежно земјиште и Буџет на општината претставува сериозен законски прекршок, односно би значело преземање дејствија спротивно на законските прописи.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека Општина --------- постапила согласно насоките во правосилната судска пресуда и донела нов Управен акт кој бил уредно доставен до странката во кој е наведено и правото на поднесување правен лек – жалба до надлежен орган, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи против лицето -------- ------------ градоначалник на општина ---------.
Оттаму, ДКСК оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р. Б.Ц член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk